Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ИНФЕКТИВНИ
БОЛЕСТИ И ФЕБРИЛНИ СОСТОЈБИ
Бр. 0307-6/73
28.05. 2020 год.
СКОПЈЕ

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА
ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ И ФЕБРИЛНИ
СОСТОЈБИ
Ул. Мајка Тереза бр. 17, 1000 Скопје
Тел/факс: 02 322 8224
E-mail: info@infektivnaklinika.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED

1. м-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор со ЕМБГ 2902964480002, во натамошен текст **давател на донација** и

2. Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, ул.„Мајка Тереза“ бр.17 Скопје, ЕМБС 6259901, ЕДБ 4030007645601, со застапник според закон медицински директор д-р Милена Стевановиќ и организациски директор д-р Мирјана Пехчевска Поп Илиев, во натамошен текст **примател на донација**

На ден 27.05.2020 година во Скопје го склучија следниот:

## ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА

### Предмет на договорот

Член 1

Со овој договор се уредуваат давањето и примањето на донација како доброволна и безусловна помош во пари, добра или услуги која не создава директна корист за давателот, ниту обврска за враќање од примателот на донацијата и која се дава за поддршка на дејноста и активностите на примателот.

Предмет на донацијата се:

- **финансиски средства** во износ од **14.500,00** денари кои од сметка на давателот на донација ќе бидат уплатени на сметка на примателот на донација, ЈЗУ УКлиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, Буџетска - трезорска сметка-100000000066005, сопствена сметка- 660250012353161, приходно конто-725939, во рок од 5 (пет) дена по склучувањето на овој договор, како поддршка за справување со епидемијата предизвикана од Корона вирусот – COVID19.

Предметот на донација мора да е во согласност со дејноста на примателот на донација.

Предмет на донацијата не може да бидат добра и услуги чиј промет е забранет со закон.

Член 2

За донација дадена во форма на финансиски средства примателот на донација се обврзува да го извести давателот на донација за начинот на кој се реализирани средствата во рок 5 (пет) дена по нивната реализација.

Член 3

Примателот на донацијата станува сопственик на донацијата и се обврзува истата да ја користи исклучиво за намената определена во член 1 од овој договор за донација.

На барање на давателот на донација, примателот му издава писмена потврда за примената донација.

**Цел на донацијата**

Член 4

Донација се дава на примателот на донацијата со цел да се задоволат неговите декларирани, јавно утврдени потреби и цели и да се решат одредени состојби и проблеми.

**Даночни поттикнувања**

Член 5

Договорните страни, доколку ги исполнуваат законските услови, имаат право на даночни поттикнувања предвидени во одредбите од Законот за донации и спонзорства во јавни дејности.

Член 6

Договорните страни се должни да достават извештај за дадената и добиената донација до УЈП во рок од 30 (триесет) дена од денот на исполнувањето на договорот.

Договорните страни се должни да ја чуваат целокупната документација за дадената и добиената донација во рок од 5 (пет) години по завршувањето на календарската година во која е исполнета обврската од договорот.

**Завршни одредби**

Член 7

Секое дополнување или измена на овој договор може да изврши само анекс на договор, склучен во писмена форма, со потпис на двете договорни страни.

За се што не е регулирано со овој договор, соодветно ќе се применуваат позитивните законски прописи од Законот за облигациони односи и Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

Во случај на евентуален спор помеѓу договорните страни во однос на реализацијата на одредбите од овој договор, договорните страни се согласни да се обидат да го решат спорот спогодбено, а доколку не успеат, надлежен е судот во Скопје.

Овој договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 1 (еден) за секоја договорна страна и останатите примероци за употреба пред надлежен орган.

**Давател на донација**

**Главен државен ревизор**

м-р Максим Ацевски

**Примател на донација**

**ЈЗУ УКлиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје**

Директор

Асс.д-р сци.Милена Стевановиќ

медицински директор

Д-р сци.Мирјана Пехчевска Поп Илиева

организациски директор